*Б. АЛЕКСОВА*

# ЕПИСКОПИЈАТА БАРГАЛА — БРЕГАЛНИЦА

Археолошките ископувања и истражувања што ги изведовме во селото Горен Козјак кај Штип од 1966 до 1970 година, дадоа драгоцени нови резултати, кои ќе се обидам накусо да ги сумирам и да укажам на нивното значење.

Во селото Горен Козјак што се наоѓа 10—12 км североисточно од Штип, на благата падина северно од Козјачка Река е откриен раносредновековен град, кој претставува тврдина опкружена со високи ѕидови и кули, а која имала монументални влезови и порти. Самата тврдина има правоаголна форма со остатоци од ѕидови и



**Локалитет Баргала, с. Горен Козјак, Штип, Градиштето со црквата Св. Ѓорѓи IX — X век**

кули. Ѕидовите на тврдината чија дебелина на места изнесува 2 метра изведени се од кршен и речен камен поврзан со малтер.



Внатрешен ѕид од тврдината на градот Баргала

Крај југоисточните ѕидови на тврдината се наоѓа црквата Св. Ѓорѓи, која Ст. Михајлов ја датира во IX—X век, на што укажуваат и сегашните истражувања на архитектурата на самата црква, како и културните прилози откриени во гробовите крај црквата. Живописот од горниот слој повеќе учени го датираат во XIV век.

Североисточно од оваа тврдина во кањонот на Козјачка Река се наоѓаат остатоци од цел систем на утврдување и тоа на месноста Цвилиг и Кулата.

Во северозападниот дел на тврдината за прв пат е откриена трибродна ранохристијанска базилика со нартекс и атриум. Оваа базилика според својот план е од хеленистички тип, трибродна со полукружна апсида. Бродовите се разделени со колони. Олтарниот простор бил разделен од централниот со канцел од столбови и парапетни плочи и со продолжен влез кон запад од типот на Стоби, Ефес и повеќе цркви во Грција. Централниот и јужниот брод, како и нартексот и атриумот поплочени се со големи камени плочи во opus cvadratum, додека целиот под во северниот брод е изведен



Ранохристијанската базилика V — VI век, со баптистериумот, 1969 г.



Ранохристијанската базилика V — VI век, во тек на истражување на влезот

со мозаик. Во јужниот дел на централниот брод откриени се остатоци од амвонот. Северно крај самата базилика откриен е баптистериумот со осмострана писцина, катихименионот и еден компартимент, крај кој се наоѓа чешма и цистерна за вода. Во нартексот, крај самиот влез во наосот откриен е капител со врежан натпис во два реда.





Мермерен капител со натпис, од базиликата

Во северозападниот дел на тврдината откриени се остатоци од стопански објекти, кои му припаѓаат на ансамбалот на самата базилика. Јужно од базиликата откриен е депо со златни и бакарни монети во кои се застапени владетелите Анастасиј (491—518), Јустин I (518—527), Јустинијан I (527—565), Јустин II и Софија (565—578). По површината на самото градиште видливи се остатоци од повеќе архитектонски објекти со поголеми димензии.

Релјефната обработка и мотивите на многубројните остатоци од архитектонската декоративна пластика на целиот истражен комплекс, посебно на самата црква, како и самата архитектура дозволуваат засега овој комплекс да се датира во V—VI век.

Според соопштувањето на Хиерокла во провинција Македонија II Салутарис во областите источно од Вардар се наоѓале градовите Баргала, потоа Келенидин, Армонија и Запара.

Старата населба што се наоѓала во Долен Козјак во II век од н. ера има градски карактер документиран со името Баргала, а потврден со археолошките наоди и откриената плоча со натпис од 371 година, која претставува спомен плоча за подигањето на градската порта. Според студиите на Венедиков градот Баргала е помлада трачка населба од царско време, која го заменила постариот пеонски центар Астибо. Кон крајот на IV век или почетокот на V век градот бил разурнат.

Животот продолжил во новиот град кај Горен Козјак. Откриените остатоци од тврдината, градските објекти, базиликата со останатите градби што му припаѓаат на ансамбалот на црквата, откриениот депо со монети, капителот со името на епископот ја потврдуваат идентификацијата на овој простор на Епископскиот град Баргала од V—VI век, за кој наоѓаме спомени во актите на Халкедонскиот собор во 451 година, а го наоѓаме и во списоците на Хиерокловиот Синекдемос.

Овој важен политички и духовен центар пропаѓа во VI век поради сè почестите напаѓања на Словенските племиња. Откако го имаат уништено и разорено овој град, Словените многу бргу одново го населуваат. На ова укажуваат многубројните траги од населување на ова градиште во словенскиот период. Дека црковната традиција на старото епископско седиште на Баргала продолжило во словенскиот период, ни укажува и подигањето на црквата Св. Ѓорѓи на овој простор, за која веруваме дека не е усамен храм.

Врз основа на спомен на епископијата Брегалница во Житието на 15 Тивериполски маченици од Теофилакта, Ј. Иванов заклучува дека Брегалница името го добила од Баргала и дека Брегалничката епископија е наследница на Баргалската. Додека А. Воронов е на мислење дека постои град со име Брегалница.

Христијанизацијата на овие и соседните области на границите на Византиската Империја започнала многу рано. Општо е примено мислењето дека во овие области се наоѓаат првите зачетоци на писменоста кај Словените. Со експедицијата на Јустинијан II во 688/9 година, Дворник, според Теофан ги поврзува почетоците на покрстувањето на Македонските Словени. Воведувањето на христијанството кај Словените на Струма имало принуден карактер, за што сведочи декретот против многубоштвото што го издал Константин V, кога ја покорил Струма во 758—759 година.

Прашањето дали просветно религиозната дејност на Кирил и Методија ја зафатила Македонија, во науката не е доволно проучено. Врз основа на литературните извори и историските податоци, голем број учени како Шафарик, Дринов, Јиречек, Малишевски, Балан и Мутафчиев се на мислење дека Методија бил кнез во Тесалија. Некои пак областа на Методиевото кнежевство ја бараат меѓу Вардар и Охрид, додека Георгиев претполага дека тоа била Солунската тема во Македонија. Палаузов, Рачки, Дворник и Шишиќ, како и Троицки и Панов се на мислење дека Методија бил кнез во византиската област Стримон. Бељаев пак смета дека тоа била Брегалничката област, каква претпоставка наведува и Поленаковиќ.

Според Краткото Кирилово житие или Успение Кирилово, Гилфердинг, Куник, Елпидински, Балан, Георгиев, Билбасов и Панов, земајќи ги предвид легендарноста на литературните податоци изнесуваат мислење дека на Кирила прва мисионерска дејност му била по Брегалница. Троицки и Снегаров пак напоменуваат дека и покрај острата борба христијанството во овие области на Македонија било зацврстено иако не озаконето, уште пред Бориса. Ј. Иванов, врз основа на Успение Кирилово е на мислење дека Словените биле покрстени од Кирил Кападокиски, пред дејноста на светите браќа.

Во текот на официјалното покрстување за време на Бориса во 865 година, Кмет на Брегалничката област бил Таридин а во Струмица Дристар. Името на Таридиј е задржано по традиција до денес во името на селото Таринци, во чиј атар се наоѓа градот Баргала. Кметот Таридин, според Житието на 15 Тивериополски маченици од Теофилакта ги пренел моштите на тројца светители во новоподигнатиот храм во Епископијата Брегалница Ἐν τῆς βραγαληνε῎ης ἐπισκοπῇ. Покрај митрополитскиот храм, тогаш се изградени и други цркви во Брегалничката епископија.

На Цариградскиот собор во 879 година Епископ Лав се појавува под името Προμάτων — Овчеполски, чија титула според Иванов е дадена по Брегалничката котлина Овче Поле, додека Михајлов ја објаснува со соседството на областа. Во Повелбата на Василие II издадена на Охридската архиепископија во 1019 година, Брегалничката епископија не се споменува, а го наоѓаме името на Козјак како енориски град. Од ова Иванов и Михајлов заклучуваат дека епископијата е преместена во Мороздвизд.

Досегашните резултати од истражувањата во Горен Козјак дадоа археолошки податоци со кои е откриено Епископското седиште на градот Баргала и се констатира продолжувањето на животот на овој град и во словенскиот период. Со досегашните истражувања по средниот тек на реката Брегалница откриени се 12 црквени градби од раниот словенски период и исто толку и повеќе од доцниот византиски период. Во литературните и историските

извори за овие краишта, а посебно за Брегалничката епископија, врзани се најзначајните настани од историјата на Словените во Македонија и тоа покрстувањето и создавањето на првата словенска писменост.

Градот Козјак од Василиевата Повелба не е нов град, бидејќи тој постоел на овој простор уште по населувањето на Словените во овие краишта. Поради тоа сум на мислење, дека Брегалничката Епископија треба да се бара во самото епископско седиште на Баргала каде е убициран Епископиумот на овој ранохристијански град.